# СИГУРНОСНО СТАКЛО АД ПРИЛЕП
## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
**за работењето на друштвото за годината завршена на 31 декември 2023год.**

**СИГУРНОСНО СТАКЛО Акционерско Друштво Прилеп**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО 2023год.**

## 1. ОПШТО

АД Сигурносно Стакло Прилеп е основано во 1971 година, во Основен суд Битола, под рег. влошка 01002307?-4-01-000. Промена во регистарската влошка од денот на основањето, до денот на известување, е извршено во 1991 год, кога е започната приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал, која постапка е завршена во 1998 год., со извршена промена под Трег. 1393/98, кога е извршено усогласување со ЗДТ. Наредна промена под ПТрег 3183/05 кога е воведен едностепен систем на управување, со управување преку Одбор на Директори. Во 2003 год. отворена е Стечајна постапка над друштвото под СТ 99/03, која е заклучена на 18.01.2005 год.

Основната главнина на друштвото изнесува 1.095.133, еуро.

Вкупен број на акционери изнесува 87.

Вкупен број на акции 21377, обични акции, сопственост на акционерите.

Основни дејност на друштвото од која се остваруваат редовните приходи е:
68.20 – Издавање и управување со сопствен недвижен имо

На ден 31.12.2022 година бројот на вработените во друштвото изнесува 4

Седиштето на друштвото е во Прилеп, на ул. Александар Македонски 1Г/1

## 2. ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА

Завршната пресметка на друштвото е изготвена во согласност со ЗТД и Правилникот за водење на сметководство во кој се опфатени МСФИ/МСС ( Сл.весник на РМ бр. 159/09,164/10 и 107/11). Овие стандарди се применуваат за работењето во 2023год.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при изготвување на финансиските извештаи за 2023 година се прикажани во понатамошниот текст.

**3.1. Политика на евидентирање на приходот**

Приходот на друштвото се остварува претежно од издавање на сопствен имот под закуп.

Истиот е евидентиран соодветно во финансиските документи.

МСФИ/МСС не признаваат категорија вонредни приходи, туку останати приходи, кои се соодветно прикажани во АОП 203.

| Претходна година | Тековна година |
|---|---|
| **12.015.407,оо** | **10.432.884,оо** |

**3.2. Материјални вложувања**

Материјалните средства во подготовка се соодветно прикажани во АОП 018 кои претставуваат издатоци за недвижен имот.

Во 2023 не се евидентирани материјални вложувања на постоечка недвижност во износ од 775.740,оо ден.

**-Основни средства**

Вредност на основните средства се утврдува врз основа на нивната книговодствена вредност, и заради тоа што не може да се утврди пазарна вредност на основните средства, поради нивната застареност, истата се вреднува според нивната амортизираност и трошоците за нивната замена.

Набавки на основни средства во текот на годината не се јавуваат.

Амортизацијат се пресметува по стапки во согласност со Номенклатурата на средствата за амортизација. Заради целосна амортизација на основните средства, амортизација се пресметува само на градежните објекти. Амортизација не се пресметува на инвестициите во тек, земјиштето, авансите за нематеријални средства и за средствата за кои е донесена Одлука да се стават вон употреба.

| | Претходна година | Тековна година |
|---|---|---|
| **Материјални средства** | **26.903.170,оо** | **26.134.520,оо** |
| Недвижности | 12.154.587,оо | 11.751.244,оо |
| Опрема | 227.636,оо | 227.636,оо |

**3.3. Залихи**

Залихите се искажуваат со користење на методот на просечни цени ,кој метод континуирано се применува во пресметковниот период.

| Претходна година | Тековна година |
|---|---|
| **911.420,оо** | **911.420,оо** |

### 3.4. Обврски кон добавувачите, и по основ на аванси и кредити

Обврските кон добавувачите се евидентирани според номиналната вредност и истите се соодветно евидентирани во финансиските документи.

| Претходна година | Тековна година |
|---|---|
| **17.216.245,оо** | **15.216.245,оо** |

Обврските по основ на примени краткорочни заеми, заради подобрување на ликвидноста на друштвото се евидентирани според нето износите во АОП 104.

| Претходна година | Тековна година |
|---|---|
| **14.351.744,оо** | **16.965.744,оо** |

Долгорочните обврски на друштвото во 2023 година се во целост исплатени и истите се соодветно евидентирани во финансиските документи.

| | Претходна година | Тековна година |
|---|---|---|
| **Долгорочни обврски** | **2.828.546,оо** | ////// |
| Обврски по заеми и кредити | ////// | //// |
| Останати долгорочни обврски | 2.828.546,оо | ///// |

### 3.5. Побарувања од купувачите

Побарувањата од купувачите се проценуваат по номинална вредност Исправката на вредноста на побарувањата од купувачите кои станале дефинитивно ненаплатливи, се врши директно на побарувањето, а вредносниот износ на овој отпис е даночно непризнат расход.

| Претходна година | Тековна година |
|---|---|
| **4.326.827,оо** | **4.211.907,оо** |

### 3.6. Долгорочни вложувања

Долгорочните вложувања вклучуваат вложувања во акции или удели. Во 2023 год. не се забележани никакви долгорочни вложувања, ниту промени во номиналната вредност на капиталот.

### 3.7. Парични средства

Паричните средства се состојат од денарска благајна и парични средства на жиро - сметката во деловните банки.

| Претходна година | Тековна година |
|---|---|
| **1.716,оо** | **29.867,оо** |

## 3.8. Обврски за даноци

Даноците се пресметуваат и плаќаат согласно законските прописи во Р.Македонија, и тоа ДДВ по стапка од 18%, и 10% данок од добивка. Во 2023 година евидентирана е претплата по основ на повеќе платен данок на додадена вредност во износ од 52.828,оо денари, И претплата по основ на платен данок на добивка, т.е. Аконтации, во износ од 29.916,оо денари

## 3.9 Добивка/Загуба

Друштвото ја завршува деловната година со:

I. Добивка во висина од 988.612,оо денари,

| Претходна година | Тековна година |
|---|---|
| **1.431.036,оо** | **988.612,оо** |

## 4. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

**Фактори на деловни ризици**

Деловните активности на друштвото се изложени на различни ризици вклучувајќи го ризикот од промена на побарувачката на нашите производи заради намалената куповна моќ на населението, но не се за потценување и ризиците од нестабилната политичка ситуација во општеството.

Со цел да заживее и да се подобри деловната активност на друштвото, активностите се насочени кон наоѓање на стратешки партнер , кој по пат на директна странска инвестиција, ќе го обнови производниот парк на друштвото, со цел друштвото да може успешно да се вклопи и учествува на домашниот и надворешниот пазар, а со тоа да се подобри финансиската слика на друштвото.

Од друга страна, продажбата на дел од недвижниот имот, соспственост на друштвото, значително ќе ја подобри финансиската состојба, со што ќе се создадат реални услови за покривање на акумулираната загуба на друштвото.

Прилеп, 28.02.2024 год. Овластено лице,

Најдоски Драган,